# Одржувајте го вашето здравје за вашето семејство. Потребни им сте на вашето семејство.

За информации и поддршка за рак, јавете се на **13 11 20** или посетете ја веб-страницата **cancervic.org.au**

## За повеќе информации

Ако сакате да зборувате со некој на вашиот јазик, ве молиме јавете се на **13 14 50** и замолете ги да ве поврзат со Советот за рак на Викторија (**Cancer Council Victoria**).

## Вашите закажани средби

☐ **Разговарајте со вашиот доктор за проверка за рак на дебелото црево**

Или јавете се на Националната програма за проверка за рак на дебелото црево (National Bowel Cancer Screening Program) на **1800 627 701** за да дознаете кога ќе добиете тест за да направите проверка дома

Датум: ______________________

Место: ______________________

☐ **Закажете проверка за рак на дојките**

Посетете ја веб-страницата breastscreen.org.au или јавете се на **13 20 50**

Датум: ______________________

Место: ______________________

☐ **Закажете тест за проверка за рак на грлото на матката**

Најдете давател на услуги на cancervic.org.au/CervicalDirectory или ако сакате да дознаете повеќе за проверката за рак на грлото на матката, јавете се на **Cancer Council** на **13 11 20**

Датум: ______________________

Место: ______________________

Be screened. Live Longer: Macedonian | Македонски

AP1707-4/2021

Cancer Council

# Направете проверка. Живејте подолго.

**Ризикот да заболите од рак се зголемува после возраст од 50 години**

Проверката ви помага рано да го откриете ракот или дури да го спречите.

> Рак на дебелото црево
> Рак на дојките
> Рак на грлото на матката



# Проверка за рак на дебелото црево

**Ако сте на возраст од 50-74 години**, треба да правите проверка за рак на дебелото црево секои две години со бесплатен тест за проверка во вашиот дом.

Со тестот се бара крв при празнењето на цревата (во изметот), која можеби не можеме да ја видиме и која може да биде знак на рак на дебелото црево. Тестот може да го направите дома.

Тестот е наменет за мажи и жени кои немаат никакви знаци или симптоми и немаат значајна семејна историја на рак на дебелото црево.

Секои две години, како дел од Националната програма за проверка за рак на дебелото црево (National Bowel Cancer Screening Program) на лицата на возраст од 50-74 години им се испраќаат бесплатни тестови за проверка дома по пошта.

**Тестот е бесплатен преку националната програма.**




**Во повеќе од 9 од 10 случаи, ракот на дебелото црево може успешно да се излечи ако се открие навремено.**

# Проверка за рак на дојките

**Ако сте на возраст од 50-74 години**, секои две години треба да правите проверка за рак на дојките.

Со скенирање на дојките (рендгенска снимка), тие се проверуваат за присуство на рак во дојките.

Проверката за рак на дојките се прави насамо со рендген-техничарка и трае само неколку минути. Можете да дојдете со пријател или член од семејството ако тоа ви помага да се чувствувате поспокојно.

Проверката за рак на дојките е наменета за жени кои немаат никакви знаци или симптоми на рак на дојката и немаат значајна семејна историја на рак на дојката или рак на јајниците.

**Проверката е бесплатна преку BreastScreen Victoria.**



**Колку побрзо се открие ракот на дојките, толку се поголеми шансите за успешно лекување.**

# Проверка за рак на грлото на матката

**Ако сте на возраст од 25-74 години** и сте сексуално активни, секои пет години треба да правите тест за проверка за рак на грлото на матката.

Тестовите треба да ги правите дури и ако сте примиле ХПВ (HPV) вакцина или сте во климактериум.

Со тестовите за проверка за рак на грлото на матката се бара присуство на HPV вирусот, кој ако не се лекува со време може да се развие во рак на грлото на матката.

Тестот може да го направи доктор или медицинска сестра.

Тестот за проверка за рак на грлото на матката е наменет за жени кои немаат никакви знаци или симптоми на рак на грлото на матката.

**Цена Некои клиники нудат бесплатна проверка за рак на грлото на матката. Кога ќе ја закажувате проверката, проверете колку ќе чини таа.**



**Проверката за рак на грлото на матката може да ви го спаси животот.**